Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**1261.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 2014 година.

Бр. 07-1255/1
26 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

Член 1

Во Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10, 13/13 и 188/13), во членот 182 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Во однос на остварувањето на правата, обврските и одговорностите од работен однос на претседателот и комисионерите (членовите) на Комисијата се применува Законот за работните односи.“

Член 2

Во членот 183 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Претседателот, односно комисионерите (членовите), се избираат по пат на јавен оглас кој се објавува во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.“

Ставот (2) станува став (3).

Во ставот (3) кој станува став (4) во воведната реченица зборовите: „За комисионер (член)“ се заменуваат со зборовите: „За претседател, односно комисионер (член)“.

По точката в) се додаваат три нови точки г), д) и ѓ), кои гласат:

„г) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2);

д) има положено психолошки тест и тест за интегритет;

ѓ) има најмалку пет години работно искуство во областа на финансиите или деловното право;“.

Точките г), д), ѓ), е), ж) и з) стануваат точки е), ж), з), ѕ), и) и ј).

Член 3

Во членот 186 ставот (7) се брише.

Член 4

По членот 186 се додаваат два нови наслова и два нови члена 186-а и 186-б, кои гласат:

**„Вработени во Комисијата**

Член 186-а

(1) Вработените во Комисијата кои вршат административни работи имаат статус на административни службеници.

(2) За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на вработените од ставот (1) на овој член кои не се уредени со овој закон и со колективен договор, се применуваат одредбите од Законот за административните службеници и општите прописи за работните односи.

(3) Вработените во Комисијата кои вршат помошни и технички работи имаат статус на помошно-технички персонал.

(4) На помошно-техничкиот персонал во Комисијата ќе се применуваат општите прописи за работни односи.

**Плата на административните службеници**

Член 186-б

Начинот на утврдување на основната плата и на додатоците на плата на вработените во Комисијата се уредува со колективен договор, а вредноста на бодот на основната плата ја утврдува Комисијата.“

Член 5

Претседателот и комисионерите (членовите) на Комисијата избрани пред денот на започнувањето со примена на членот 2 од овој закон ќе продолжат да ја извршуваат својата функција сé до истекувањето на мандатот за кој се избрани.

Член 6

Одредбите од членот 2 од овој закон ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, освен одредбите од членот 4 на овој закон кои ќе започнат да се применуваат од денот на започнувањето на примената на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14).

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR LETRA ME VLERË**

Neni 1

Në Ligjin për letra me vlerë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 13/2013 dhe 188/13), në nenin 182 pas paragrafit (5) shtohet paragraf i ri (6), si vijon:

"(6) Në lidhje me realizimin e të drejtave, obligimeve dhe përgjegjësive të marrëdhënieve të punës të kryetarit dhe komisionarëve (anëtarëve) të Komisionit zbatohet Ligji për marrëdhënie të punës."

Neni 2

Në nenin 183 pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2), si vijon:

"(2) Kryetari, përkatësisht komisionarët (anëtarët), zgjidhen nëpërmjet konkursit publik që shpallet së paku në tre gazeta ditore të cilat botohen në gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë, prej të cilave njëra gazetë botohet në gjuhën që e flasin së paku 20% e qytetarëve të cilët flasin gjuhë zyrtare që është ndryshe nga gjuha maqedonase."

Paragrafi (2) bëhet paragraf (3).

Në paragrafin (3) i cili bëhet paragraf (4) në fjalinë hyrëse fjalët: "Për komisionar (anëtar)" zëvendësohen me fjalët: "Për kryetar, përkatësisht komisionar (anëtar)".

Pas pikës v) shtohen tre pika të reja g), d) dhe gj), si vijojnë:

"g) posedon një prej certifikatave në vijim të njohura në nivel ndërkombëtar ose vërtetime për njohje aktive të gjuhës angleze jo më të vjetër se pesë vite:

- TOEFL IBT së paku 74 pikë,
- IELLTS (IELTS) – së paku 6 pikë,
- ILEC (ILEC) (Cambridge English: Legal) – minimum niveli B2 (B2),
- FCE (FCE) (Cambridge English: First) – të kaluar,
- BULATS (BULATS) – së paku 60 pikë ose
- APTIS (APTIS) - së paku nivelin B2 (B2);

d) të ketë kaluar testin psikologjik dhe testin për integritet;

gj) të ketë së paku 5 vite përvojë pune në fushën e financave ose të drejtën afariste;".

Pikat g), d), gj), e), zh) dhe z) bëhen pikat e), zh), z), x), i) dhe j).

Neni 3

Në nenin 186 paragrafi (7) shlyhet.

Neni 4

Pas nenit 186 shtohen dy tituj të rinj dhe dy nene të reja 186-a dhe 186-b, si vijojnë:

**"Të punësuarit në Komision**

Neni 186-a

(1) Të punësuarit në Komision të cilët kryejnë punë administrative kanë status të nëpunësve administrativë.

(2) Për çështjet që kanë të bëjnë me marrëdhënien e punës të punësuarit nga paragrafi (1) i këtij neni të cilat nuk janë të rregulluara me këtë ligj dhe me marrëveshje kolektive, zbatohen dispozitat nga Ligjit për nëpunës administrativë dhe dispozitat e përgjithshme për marrëdhënie të punës.

(3) Të punësuarit në Komision të cilët kryejnë punë teknike dhe ndihmëse kanë status të personelit ndihmës-teknik.

(4) Për personelit ndihmës-teknik në Komision do të zbatohen dispozitat e përgjithshme për marrëdhënie të punës.

**Paga e nëpunësve administrativë**

Neni 186-b

Mënyra e përcaktimit të pagës bazë dhe të dhënave të pagës së të punësuarve në Komision rregullohet me marrëveshje kolektive, kurse vlerën e pikës së pagës themelore e përcakton Komisioni."

Neni 5

Kryetari dhe komisionarët (anëtarët) e Komisionit të zgjedhur para ditës së fillimit të zbatimit të nenit 2 të këtij ligji do të vazhdojnë të kryejnë funksionin e tyre deri në skadimin e mandatit për të cilin janë zgjedhur.

Neni 6

Dispozitat nga neni 2 i këtij ligji do të fillojnë të zbatohen pas një viti nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji përveç dispozitave të cilat kanë të bëjnë me kushtin për njohje të gjuhës së huaj të cilat do të fillojnë të zbatohen pas dy viteve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë, kurse do të fillojë të zbatohet me ditën e zbatimit të Ligjit për nëpunës administrativë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 27/14).

---

**1262.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКАТА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 февруари 2014 година.

Бр. 07-1256/1
26 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКАТА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР**

Член 1

Во Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 82/13), во членот 6 став (2) зборовите: „главен финансиски инспектор за јавни финансии (во натамошниот текст: главниот инспектор)" се заменуваат со зборовите: „главен инспектор".

Член 2

Во членот 7 став (2), зборовите: „општите услови утврдени со Законот за државните службеници" се заменуваат со зборовите: „условите од Законот за инспекциски надзор".

Член 3

Членот 12 се менува и гласи:

„За прашањата кои се однесуваат на класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на финансиските инспектори се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор."

Член 4

Членот 13 се менува и гласи:

"(1) Делот на плата за ниво за финансиските инспектори се утврдува врз основа на следниве бодови:

- ниво Б2: 983 бода,
- ниво Б3: 709 бода,